Бр. 08-1503/2
23-05-2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на седумнаесетата седница одржана на ден 22.05.2019 година донесе

***Одлука***

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема основ за натамошно надлежно постапување на ДКСК во предметот со број 08-1503/1 од 15.03.2019 година.

Предметот со број 08-1503/1 од 15.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

ДКСК на седницата одржана на ден 07.03.2019 година донесе заклучок да изврши увид за тоа дали поднеле анкетни листови за имотната состојба Ректорите и Деканите на сите државни универзитети во Република Северна Македонија.

ДКСК, од увидот во својата евиденција, констатира дека лицето Сунај Раими, декан при Универзитетот „Мајка Тереза" - Скопје не поднело анкетен лист по изборот на функцијата декан. Тргнувајќи од наведеното ДКСК по сопствена иницијатива оформи предмет заведен под архивски број 08-1503/1 од 15.03.2019 година.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, од Универзитетот „Мајка Тереза" - Скопје побара податоци и документација за сите актуелни декани на Универзитетот и тоа: актот за избор/именување, нивниот ЕМБГ и точната адреса на живеење.

Од страна на Универзитетот беа доставени бараните податоци и документација.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

Од прибавените податоци и документација и од увидот во својата евиденција ДКСК констатира дека лицето Сунај Раими е назначено за вршител на должноста декан на Факултетот за социолошки науки при Универзитетот „Мајка Тереза“ - Скопје на 16.02.2019 година а анкетниот лист го поднело на 14.03.2019 година, односно во рамките на законски утврдениот рок.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk